USAID
FROM THE AMERICAN PEOPLE
Secondary Education Activity
Human and Institutional
Development Project

# ЈАВНО ГОВОРЕЊЕ

ЈАВНО ГОВОРЕЊЕ

(ПРИРАЧНИК)

Скопје
Октомври, 2006

# 7.3. КАРЛ ПОПЕР ДЕБАТА
## („Едукативна“ или „формална“ дебата)

## I. ЦЕЛИ, ПРИНЦИПИ И УЧЕСНИЦИ ВО ДЕБАТАТА

• **Ц е л т а** на овој формат на дебатирање, кој е наречен според името на неговиот изумител Карл Попер е, покрај тренинг на јавно говорење, и практично да се усовршува планирањето (организацијата на говорникот-дебатер), а не само да се води проста дискусија со спротивставени мислења.

• **П р и н ц и п и**

Постојат повеќе начела при дебатирањето, но притоа основни се следниве:

*а) Респект кон противникот* – дебатерот мора да ја уважува личноста на неговиот соговорник-опонент, и покрај тоа што овј застапува дијаметрално спротивни ставови од неговите.

*б) Чесност* – дебатерот мора да се труди во текот на дебатата да постои т.н.„фер плеј“ однос, како со својот така и со противничкиот тим.

*в) Критичко мислење* – преку можноста за иста теза на којашто се дебатира еден ист говорник еднаш да треба да биде афирмативец (по секоја цена да ја брани поставената теза), а друг пат негативец (да ја напаѓа истата теза) всушност ученикот согледува дека светот не е црно бел, туку дека сите работи имаат и свои позитивни, но и свои негативни страни.

*г) Натпреварувачки дух* – преку дебатата се овозможува развивање на здрав натпреварувачки дух кај младите, кој никогаш не треба да премине во непријателство.

*д) Истражување* – бидејќи за секоја дебата е потребна неколкудневна подготовка, овој формат на дебатирање е одличен и како дополнително себенадградување и помош при учењето, надвор од наставните планови и програми.

• **У ч е с н и ц и**

За да се реализира овој формат на дебатирање потребно се следниве *субјекти-учесници:*

а) *два тима* од по тројца дебатери (афирмативен и негативен тим)

б) *тројца судии* (објективност, професионалност, познавање, одговорност)

в) *еден тајмер* – ученик кој ќе го мери времето и ќе им сигнализира на дебатерите уште колку време им преостанува за дискусија или испрашување.

## II. ГРАДЕЊЕ НА СЛУЧАЈ

Секој случај се состои од **три составни делови:**

**а)** ***Критериум*** **–** целта којашто тимот сака да ја постигне
**б)** ***Аргументи*** **–** обично два до три аргументи
**в)** ***Докази*** – неколку докази кои го потврдуваат секој од аргументите поодделно. Обично како докази се наведуваат некои факти или настани, мислења на експерти, цитати на познати личности, статистички податоци, аналогија, изведување логички заклучоци и слично.

### *1. АФИРМАТИВЕН ТИМ:*

Задачите на првиот (афирмативен) тим, којшто треба *да ја брани* поставената теза, се следниве:

**а) дефинирање на тезата:** се дефинираат само клучните зборови од тезата на којашто се дебатира;
**б) поставување критериум:** определување цел на нивниот случај;
**в) аргументи:** секој тим изложува од два до три аргументи во прилог на својот случај;
**г) докази:** секој аргумент треба да е поткрепен со неколку докази, кои пак треба да се карактеризираат со веродостојност, современост, релевантност и репродуктивност.

### *2. НЕГАТИВЕН ТИМ:*

Задачите на вториот (негативен) тим, којшто треба *да ја напаѓа* поставената теза, се следниве:

**а) понудување свои дефиниции** – оваа операција не е неопходна ако афирмативниот тим понудил фер дефиниции;
**б) нов критериум** (не секогаш);
**в) побивање** на аргументи и докази;
**г) евиденција и резонирање** - укажување на грешките на противничкиот тим.

## III. ТЕК НА ДЕБАТАТА

**Правилата** околу текот на дебатата се мошне едноставни.

а) секој дебатер има право да одржи *говор-презентација* по 5 минути (со исклучок на „кецовите“ т.е. афирмативецот-еден и негативецот-еден, коишто говорат една минута подолго, значи вкупно 6 минути, затоа што тие треба надвор од вообичаените активности уште и да ги поздрават присутните и да го претстават својот тим);

б) по секој говор-презентација следува *вкрстено испрашување* - коешто трае по 3 минути;
в) секој тим има право на *пауза* од вкупно 5 минути, којашто може да ја користи кога за тоа се појави потреба, и тоа не мора целата пауза одеднаш, туку може и расцепкано, на пример: најпрво една, потоа 2, па уште 2 минути и сл.

Најпрво, дебатата ја отвара **адирмативецот-еден (А1)** којшто треба:
- да ги поздрави присутните и судиите,
- да го претстави својот тим,
- да ја каже тезата на којашто се дебатира,
- да ги дефинира клучните зборови од тезата и
- да го постави својот случај (критериумот, аргументите и доказите).

*По презентацијата на А1, следува вкрстено испрашување во кое негативецот-тројка (Н3) му поставува прашања на А1, а овој е должен да одговори.*

По завршувањето на вкрстеното испрашување следува презентацијата на **негативецот-еден (Н1)**, којшто треба:
- да ги поздрави присутните и судиите,
- да го претстави својот тим,
- да нагласи дали се согласува со дефинициите на спротивниот тим,
- да го нападне и побие противничкиот случај – обично преку следниве методи: минимизирање т.е. намалување на вредноста на она што го кажал противникот, контрааргумент т.е. изнесување аргумент кој е спротивен од аргументот на противникот итн. и
- да го презентира својот случај (критериум, аргументи, докази).

*По презентацијата на Н1, следува вкрстено испрашување во кое афирмативецот-тројка (А3) му поставува прашања на Н1.*

По ова вкрстено испрашување следува настапот на **афирмативецот-двојка (А2)** во којшто тој треба:
- да го одбие претходниот напад од Н1, и потоа повторно
- да го реизгради својот случај, со потенцирање на неговите предности во однос на негативниот.

*По презентацијата на А2, следува вкрстено испрашување во кое негативецот-еден (Н1) му поставува прашања на А2.*

По вкрстеното испрашување, дебатата продолжува со презентацијата на **негативецот-двојка (Н2)** којшто треба:
- да го одбие зададениот „удар“ од А2 и повторно
- да го реизгради својот случај, со тоа што ќе ги потенцира неговите предности во однос на афирмативниот.

*По презентацијата од Н2, следува вкрстено испрашување во кое афирмативецот-еден (А1) му поставува прашања на Н2.*

После ова следува говорот на **афирмативецот-тројка (А3)** чија задача е:
- да ги убеди судиите зошто токму неговиот тим треба да ја однесе победата во оваа дебата,
- да ги сумира грешките и слабостите на противничкиот тим,
- да ги нагласи предностите на својот тим.

*По говорот на А3 нема вкрстено испрашување туку веднач следува говорот на* **негативецот-тројка(Н3)** *кој ја завршува дебатата, а којшто има потполно иста задача како и претходноспоменатата на А3.*

Скратено, текот на дебатата се одвива на овој начин:

**1 ч е к о р => Конститутивен говор:**

а) А1 – презентација (5 мин.)
(б) Н3 – *вкрстено испрашување* (3 мин.)
в) Н1 – презентација и <u>побивање</u>
(г) А3 – *вкрстено испрашување*

**2 ч е к о р => Појаснувачки говор:**

а) А2 – <u>одбивање</u> + реизградба на својот случај
(б) Н1 – *вкрстено испрашување*
в) Н2 – одбивање
(г) А1 – *вкрстено испрашување*

**3 ч е к о р => Сумарен говор:**

а) А3 – поентирање
б) Н3 – поентирање

*Шематски приказ на дебата во Карл Попер формат:*




- вкрстено испрашување (прва партија)
- вкрстено испрашување (втора партија)

Забележуваме дека постојат **три профили на дебатери**, било да се афирмативни или негативни:
а) *„кецови“ – дебатери коишто се прашувани и прашуваат:* значи тие еднаш се должни да одговараат на поставените прашања од „тројките“ при вкрстеното испрачување, ноподоцна, при следното вкрстено испрашување тие се тие кои им поставуваат прашања на „двојките“
б) *„двојки“ – дебатери кои само се прашувани:* значи тие се должни само да одговараат при вкрстеното испрачување на прашањата кои им ги поставуваат „кецовите“, а тие не поставуваат прашања при ниту едно вкрстено испрашување
в) *„тројки“ – дебатери кои само прачуваат:* значи тие се должни само да им поставуваат прашања на „кецовите“ при вкрстеното испрашување, а притоа ним никој не ги прашува.

# IV. ПРАКТИЧНИ СОВЕТИ ЗА ДЕБАТЕРИ - ПОЧЕТНИЦИ

→ напаѓајте го противничкиот став, а не личноста на противникот;
→ точно идентификувајте го аргументот на кој се спротивставувате;
→ водете го судијате низ дебатата и не оставајте тој сам да извлекува заклучоци;
→ потенцирајте ги и најмалите грешки на спротивниот тим;
→ при вкрстеното испрашување не донесувајте заклучоци и натерајте го противничкиот дебатер да заземе само еден став кој подоцна ќе го нападнете;
→ бидете љубезен, смирен, сигурен и оддавајте впечаток дека сте подготвен за дебатата, дури и кога не сте;
→ имајте контрола врз времето (следете го тајмерот);
→ при вкрстеното испрашување не одговарајте на тврдење, само на прашање;
→ визуелно комуницирајте со судијата и публиката, а не само со своите белешки;
→ препознајте ја и прифатете ја тремата (таа е нормална појава);
→ критериуми од кои се раководат судиите при бодувањето и рангирањето на дебатерите се: вештина на аргументација (побивање-одбивање, анализа и познавање на материјата, снаоѓање при вкрстено испрашување), докази (резонирање и логика), организација (користење на белешките, временска организација), начин на презентација и др.

# V. ПРИМЕР ЗА ДЕБАТА

## Т Е З А:
## *МАЛЦИНСТВАТА ТРЕБА ДА ИМААТ ПРАВО ДА СЕ ШКОЛУВААТ НА СВОЈ МАЈЧИН ЈАЗИК ВО СИТЕ СТЕПЕНИ НА ОБРАЗОВАНИЕТО*

## I. АФИРМАТИВЕН СЛУЧАЈ

**ДЕФИНИЦИИ:** ***Национално малцинство***
***Школување***
***Мајчин јазик***
***Образование (степени)***

**КРИТЕРИУМ:** <u>**Демократско општество**</u>

**АРГУМЕНТ 1: Зголемување на лојалноста кон државата**

**Доказ (по логика): Во спротивно се раѓа гнев**

**АРГУМЕНТ 2: Соживот и релаксирани меѓуетнички односи**

**Доказ (по логика): Во спротивно деструктивно ќе се однесува**

## II. НЕГАТИВЕН СЛУЧАЈ:

**КРИТЕРИУМ:** <u>**Економски и социјално стабилна држава**</u>

**АРГУМЕНТ 1: Дезинтеграција на општеството**

**Доказ 1: „Општество во општество“ (гетоизирање)**
**Доказ 2: Загрозување на државниот јазик како службен**

**АРГУМЕНТ 2: Финансиска неисплатливост**

**Доказ 1: Кој ќе го плаќа стручниот кадар?**
**Доказ 2: Голем број малцинства – кое ќе добие предност?**
**Доказ 3: Образованиот кадар ќе оди во матичната држава**

***Текстот за Карл-Попер дебатата го подготви: Димитар АПАСИЕВ***